Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за јавна администрација
Ministria e administratës publike
Бр. - Nr 05-4087/1
15.10.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

**Архивски број:** 05-4087/1
**Датум:** 15.10.2025

**До:** Министерство за финансии
- Сектор за централана хармонизација на системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

**Предмет: Достава на Регистар на ризици за Министерство за јавна администрација**
**Врска:** Допис бр. 18-5499/1 од 08/10/2025

**Почитувани,**

Во насока на исполнување на законската обврска за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола во Министерството за јавна администрација во прилог на овој допис Ви **доставувам Регистар на ризици за Министерството за јавна администрација** во кој се идентификувани ризиците на ниво на институцијата.

Идентификуваните ризици се поделени на стратешки и оперативни ризици, а истовремено во Регистарот на ризици утврдени се и ризиците од корупција на ниво на институцијата.

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Министерство за јавна администрација - Ministria e administratës publike
Republika e Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup

Подготвил: Милена Стаменковиќ
Одобрил: Јана Макеска Станоеска


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

# Прилог 1а - Образец за регистар на стратешки ризици - нови ризици

| Р.бр. | Тип на ризик (стратешки ризик / ризик од корупција) | Организациска единица | Идентификација на ризик | | | Првична проценка на ризик | | | Првичен акциски план | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ризик | Причина | Последица | Ниво на ефект (влијание) (образложение на влијанието) | Веројатност (образложение на веројат | Вкупна изложеност | Мерки | Одговорно лице | Краен рок |
| 1 | стратешки | Сектор за реформа на јавна администрација | Неспроведување/нецелосно спроведување на целите од СРЈА | немање на општествен консензус за спроведување на СРЈА и недостиг на стручен кадар | негативните оцени во извештаите | високо | високо | високо | организирање на обуки, работилници, тркалезни маси со цел запознавање со целите на СРЈА | кабинет на министер/државен секретар/државни советници/ раководител на сектор/одделение | континуирано |
| 2 | стратешки | Сектор за финасиски прашања | Политички и економски промени што го нарушуваат континуитетот и ефективноста при реализација на буџетот | непостоење на внатрешна ревизија | заобиколување на интерни процедури при постапувањето | високо | високо | високо | Донесување на интерни акти за уредување на процесите, пополнување на работно место внатрешен ревизор и организирање на обуки | кабинет на министер/државен секретар/државни советници/ раководител на сектор/одделение | 31.12.2025 и континуирано |
| 3 | стратешки | Сектор за ЕУ интеграција и меѓународна соработка | нестручна и ненавремена подготовка на преговарачките позициизa надлежностите на министерството | ненавремено извршување на работните цели и задачи, ненавремена и несоодветна координација недоволно обучен кадар | задолжение преку заклучок на Влада за соодветно постапување | високо | високо | високо | спроведување на обуки за вработените | кабинет на министер/државен секретар/државни советници/ раководител на сектор/одделение | континуирано |
| | | | | | | | | | | | |

Датум:

Подготвил:

Одобрил:

Одговорно лице на институцијата

# Прилог 1б - Образец за регистар на оперативни ризици - нов+A1:L15и ризици

| Р.бр. | Тип на ризик (оперативен ризик / ризик од корупција) | Организациска единица | Идентификација на ризик | | | Првична проценка на ризик | | | Првичен акциски план | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ризик | Причина | Последица | Ниво на ефект (влијание) (образложение на влијанието) | Веројатност (образложение на веројатноста) | Вкупна изложеност | Мерки | Одговорно лице | Краен рок |
| 1 | оперативен | сектор за реформа на јавна администрација | Неспроведување/нецелосно спроведување на целите и активностите од СРЈА | недостик на стручен кадар | негативни оцени во извештаите за спроведување на | среден | среден | среден | организирање и спроведување на обуки | државен секретар/државни | континуирано |
| 2 | оперативен/ризик од корупција | Сектор за ЕУ интеграција и меѓународна соработка | ненавремена подготовка на мислења по информации на Влада и нестручна подготовка на материјали во интерни или меѓуинституционални работни групи | ненавремено, нестручно и неажурно извршување на работните цели и задачи | задолженија за постапување со Заклучок на Влада | среден | среден | среден | поведување на постапка за дисциплинска одговорност за неизвршување на работни цели и задачи, организирање и спроведување на обуки | државен секретар/државни советници/раководители на сектор/одделение | континуирано |
| 3 | оперативен | Сектор за финансиски прашања | неправилно управување со документи од областа на финансиско работење и постапување спротивно на закон, подзаконски акти и интерни процедури | недоволна обученост на вработените во однос на законските прописи и во однос на ИТ системите кои се користат во Секторот | ненавремена или погрешна исплата или пропуштање за исплата на финансиски средства | висок | Висок | Висок | поведување на постапка за дисциплинска одговорност за постапување спротивно на закон организирање и спроведување на обуки | државен секретар/државни советници/раководители на сектор/одделение | континуирано |
| 4 | оперативен/ризик од корупција | Одделение за јавни набавки | недонесување на Планот за јавни набавки, погрешна процена на вредноста на договорот, непочитување на законски рокови | превземање или непревземање на дејствија во соодветната фаза од набавката | спроведување на постапка за јавна набавка спротивно на закон | висок | висок | висок | дисциплинска одговорност за лицата кои учествуваат во постапката за јавна анабавка и обуки за вработените | државен секретар/државни советници/раководители на сектор/одделение/овластено лице | континуирано |
| 4 | оперативен/ризик од корупција | Одделение за човечки ресурси | недонесување на одлука за вработување, распоредување, непријавување на судирот на интереси и дополнителните ангажмани , прием на подароци спротивно на закон | постапување спротивно на закон и подзаконски акти и интерни процедури | незаконски спроведени постапки за вработување, примени подароци спротивно на закон | среден | среден | среден | дисциплинска одговорност и обуки за вработените | државен секретар/државни советници/раководители на сектор/одделение/овластено лице | континуирано |
| 5 | оперативен/ризик од корупција | Сектор за инспекциски надзор | недонесување на инспекциски акти во рок,неспроведување на забрзани постапки за порамнување, неподнесување на барање за поведување на прекршочна постапка | постапување спротивно на закон и подзаконските акти со кои е уредена надлежноста | незаконско спроведување на основната надлежност-вршење на инспекциски | среден | среден | среден | дисциплинска одговорност и обуки за вработените, одржување на редовни колегиуми | државен секретар/директор/раководители на сектор/одделение | континуирано |

Датум:

Подготвил: 

Одобрил:

Одговорно лице на институцијата

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**Архивски број:** 05-4087/1
**Дата** 15 10 2025

**РЕГИСТАР НА РИЗИЦИ**

## 1.ВОВЕД

Министерството за јавна администрација е новоформиран орган на државна управа, основан согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.121/24), орган во состав на Министерството за јавна администрација, е Државниот управен инспекторат, без својство на правно лице и без сопствена буџетска сметка.

Под ризик се подразбира можност да се случи некој настан кој ќе има негативно влијание врз функционирањето на институцијата. За ризици се сметаат и неискоритените или пропуштените можности кои би имале позитивно влијание и би го подобриле работењето на институцијата.

Проценката, односно детектирањето на ризиците во различните области на делување на институцијата е инструмент за добро управување со ризиците преку кој не само што се лоцираат работните процеси кои се под ризик туку се планираат и мерките кои треба да бидат превземени, со цел намалување на ризиците на прифатливо ниво.

Во насока на исполнување на законската обврска за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола во Министерството за јавна администрација, како новоформиран орган на државната управа, е изработен овој документ-Регистар на ризици, во кој се идентификувани ризиците на ниво на институцијата. Идентификуваните ризици се поделени на стратешки и оперативни ризици, а истовремено во Регистарот на ризици утврдени се и ризиците од корупција на ниво на институцијата.

На утврдените/идентификуваните ризици извршена е проценка на влијанието, односно утврдено е нивото на ризикот и соодветно на тоа утврдени се механизми на контрола/мерки препораки за намалување на ризикот, одговорни лица кои ќе бидат задолжени за имплементација на механизмите на контрола како и роковите за реализација на механизмите на контрола/предвидените мерки.

Имајќи го предвид фактот дека Регистарот на ризици е ,,динамичен'' документ кој може да се менува секогаш кога ќе се случи некоја промена или кога ќе настане потреба за промена на регистарот, одговорните лица имаат обврска постојано да го следат и да го ажурираат еднаш донесениот Регистар на ризици.

Управувањето со ризици претставува процес кој се состои од повеќе активности, кој може да се подели на пет чекори и тоа:


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Чекор 1:-Подготвителна фаза
Чекор 2:-Идентификување на ризиците
Чекор 3:-Идентификување и планирање на решенија/мерки/препораки
Чекор 4:-Изготвување на Регистар на ризици
Чекор 5:-План за третирање на утврдените ризици

2.За потребите на процесот на управување со ризиците, а со цел изготвување на Регистар на ризици извршен е увид во:

-Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.255/24),
-Методологијата за управување со ризици кај јавните субјекти, на Министерството за финансии,
-Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија од 2020-2024 година;
-Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/23);
-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година (Службен весник на РСМ, бр.177/24)
-Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 223/19),
-Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.22/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 22/19) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18),
-Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година
- Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/22)
-Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори на Државен управен инспекторат,
-Годишен извештај за работа на Државниот управен инспекторат за 2024 година Бр.02-44/1 од 29.01.2025 година.
-Годишен извештај за учинок на инспекторите во Државниот управен инспекторат за 2024 година Бр.01-103/1 од 13.03.2025 година.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

-Врз основа на заклучоците и согледувањата извлечени како податок од анализа на погоренаведените акти, како и податоците за утврдени ризици на ниво на сектори/одделенија добиени од страна раководителите на организационите единици, а имајќи ја притоа во предвид надлежноста и организационата поставеност на Министерството за јавна администрација, се утврдени/идентификувани следните ризици:

## 1.РИЗИЦИ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО

- **Стратешки ризици**

  -Неспроведување/нецелосно спроведување/остварување на целите на Стратегијата за РЈА
  -Неиницирање или ненавремено иницирање на постапки за измена постојните или носење на нови закони и подзаконски акти,
  -Нестручна и ненавремена подготовка на преговарачките позиции за надлежностите на Министерството

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-Висок/значителен

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Организирање, спроведување односно присуство на обуки, работилници, тркалезни маси со цел запознавање на сите чинители и засегнати страни со процесот на реформите во јавната администрација
-Консултации со раководството на министерството за одредени ставови и заземање на позииции за преговори

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Кабинет на министер/Државен секретар /државни советници/раководители на одделение/сектор

Рокови за реализација
-Континуирано

- Оперативни ризици

  -Недостиг на стручен кадар и финансиски средства за спроведување на СРЈА
  -Ненавремена достава на податоци од страна на одговорните институции во областа РЈА за придонесот кон годишниот извештај на ЕК


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

-Ненавремена подготовка на мислења по информации за Влада доставени од други институции, ненавремена подготовка на информација на Влада за склучување на меѓународен меморандум за соработка, ненавремена подготовка на предлог-текст на меѓународен меморандум за соработка,
-Нестручна и ненавремена подготовка на материјали за работа во интерни или меѓуинституционални работни групи
-Предвремено напуштање на организираните обуки од страна на учесниците
-Недоставување на мислење или ненавремено доставување на мислење на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на институциите од јавниот сектор, годишните планови за вработување, годишните планови за обуки-**ризик од корупција**

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-среден/умерен

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Поведување дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност спрема вработените кои не го превземале соодветното дејствие односно пропуштиле да превземат одредено дејствие независно дали тоа произлегува од описот на работните цели и задачи на работното место на кое се распоредени или не ја извршиле обврската согласно доделено овластување од раководното лице на институцијата,
-Организирање, спроведување односно присуство на обуки за вработените во Министерството,

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Државен секретар /државни советници/раководители на одделение/сектор

Рокови за реализација
-Континуирано

**2.РИЗИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ ПРАШАЊА И ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

- Стратешки ризик

-Политички и економски промени што го нарушуваат континуитетот и ефективноста при реализација на буџетот

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-Висок/значителен


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Пополнување на работно место-внатрешен ревизор како би се обезбедила соодветна внатрешна контрола над финасиските средства
-Организирање/спроведување на соодветни обуки за раководството и за вработените во Секторот за финансиски прашања и одделението за јавни набавки

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Кабинет на министер/Државен секретар /раководители на одделение/сектор

Рокови за реализација
-31.12.2025 година и континуирано

- Оперативни ризици

  -Неправилно управување со документи од обласна на финансиското работење
  -Постапување спротивно на законот и подзаконските акти од областа на финансиите и финансиското работење или заобиколување на интерните процедури
  -Недовола обученост на вработените за користењето, односно работата на ИТ системите кои се користат за потребите на Секторот
  -Превземање/непревземање на дејствија при спроведување на постапките за јавните набаки согласно Законот за јавните набавки, подзаконските акти и интерните процедури во областа на јавните набавки донесени и усвоени на ниво на Министерството (недонесување или ненавремено донесување на планот за јавни набавки, погрешна проценка на вредноста на договорот за јавна набака, грешки при изработка на техничка спецификација, непочитување на законските рокови и т.н)-**ризик од корупција**

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-Висок/значителен

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Поведување дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност спрема вработените кои постапиле спротивно на Закон, подзаконски акт или интерна процедура на Министерството, од областа на финансиското работење или јавните набавки
-Организирање, спроведување односно присуство на обуки од областа финансиите и јавните набавки

Одговорни лица имплементација на механизмите


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

1.Државен секретар /раководители на одделение/сектор/овластени лица за спроведување на јавни набавки

Рокови за реализација
-Континуирано

## 3.ИДЕНТИФИКУВАНИ РИЗИЦИ ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

- **Стратешки ризици**

  -Недостиг на стручен и квалитетен кадар

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-Среден/умерен

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Пополнување на слободните работни места преку постапки за вработување, унапредување, распоредување или мобилност во согласност со Законот и подзаконските акти
-Организирање, спроведување односно присуство на обуки за вработените во Министерството,

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Државен секретар /државни советници/раководители на одделение/сектор

Рокови за реализација
-Континуирано

- Оперативни ризици

  -Непревземање на дејствија или превземање на дејствијата по истекот на рокот во било која од пропишаните фази за вработување/унапредување (недонесување на решение за формирање на Комисија за селекција за вработување, пропуштање на рокот за одржување на административна селекција или за проверка на веродостојност на доказите и интевјуто),
  -Спроведување/неспроведување на секоја пооделна фаза од постапката за вработување/унапредување (административна селекција за вработување/унапредување, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју),
  - Превземање на дејствија кои се спротивни на пропишаното во Етичкиот кодекс на административни службеници
  -Превземање на дејствија спротивно на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, посебно во делот кој се однесува на судирот на интереси, подароците, погодностите и гостопримставата;-**ризик од корупција**


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

-Непријавување на постоење на приватен инстерес при извршување на службените/работните цели и задачи на вработените во Министерството;-**ризик од корупција**
-Постапување со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на постојната законска и подзаконска регулатива;-ризик од корупција
Неправилно и неажурно водење на евиденцијата за подароците-**ризик од корупција**

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК**
-Среден/Умерен

**ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ**
**Механизми на контрола**

-Поведување на постапка за дисциплинска одговорност спрема вработените кои биле вклучени во спроведување на постапките за вработување/унапредување,
-Организирање, спроведување односно присуство на обуки за вработените во Одделението за човечки ресурси,
-Поведување дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност спрема вработените кои постапиле спротивно на Етичкиот кодекс
-Организирање/спроведување на обуки за вработените во Министерството на темата спречување на корупцијата и судирот на интереси, дополнителни ангажмани и примање на подароци, погодности и гостопримства
-Поведување на дисциплинска постапка спрема вработениот кој прикрил постоење на приватен интерес во конкретна правна работа
-Поведување дисциплинска постапка спрема вработениот кој прифатил подарок, погодност односно гостопримство спротивно на Законот и подзаконските акти,
-Поведување на дисциплинска постапка спрема одговорното лице за неажурно и неправилно водење на евиденцијата за подароци

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Државен секретар/државни советници/раководители на одделение/сектор/лицата за интегритет/лицата за подароци

Рокови за реализација
-Континуирано

**4.РИЗИЦИ ВО ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА**

- Оперативни ризици


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

-Непревземање на инспекциски дејствија/неизвршување на редовни/вонредни/контролни инспекциски надзори,
-Недонесување на инспекциски акти по извршен редовен/вонреден/контролен инспекциски надзор кога има констатирано недостатоци со записник за извршен надзор,-**ризик од корупција**
-Неспроведување на забрзани постапки кога е констатирано со записник дека задолженото лице од субјектот на надзорот нема постапено по изречената инспекциска мерка –наредба, -**ризик од корупција**
-Неподнесување на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд кога со записник е констароано дека не е успешана една од постапките за порамнување,
-Недоставување односно недавање на податоци или давање на нецелосни податоци во врска со извршени инспекциски надзори до непосредно претпоставен/раководен орган или други надлежни органи.

2.ПРОЦЕНКА НА РИЗИК
-Среден/умерен

3.ПЛАН ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ
Механизми на контрола

1.Да се организираат обуки за управните инспектори од областа на инспекциската постапка согласно Законот за инспекциски надзор и Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор,
2.Да се одржуваат редовни колегиуми/состаноци на ниво на одделение/сектор во Инспекторатот,
3.Поведување дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност за инспектор,
4.Да се организираат и одржуваат дополнително обуки за управните инспектори од областа на материјалните закони за која ќе се појави потреба,

Одговорни лица имплементација на механизмите
1.Државен секретар/Директор /раководители на одделение/сектор

Рокови за реализација
-Континуирано

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**4.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Регистарот на ризици со планот на третирање на истите, преставува збир на сите утврдени/идентификувни ризици на ниво на институцијата, нивната проценка (висина на ниво на ризик) мерки кои ќе се превземат за надмнување на истите, односно за намалување на интезитет на ризикот и сведување на прифатливо ниво, одговорни лица за спроведување на мерките како и роковите за спроведување на секоја мерка.
Имено регистарот на ризици и планот на третирање на истите е ,,динамичен,, документ и може да се менува секогаш кога ќе се случи промена и ќе има потреба за истото поради што потребно е постојано следење и постапување од страна на одговорните лица за имплементација на механизмите на контрола.
Одговорните лица за имплементација на мерките/механизмите за контрола на ризиците имаат обврска постојано да ги следат утврдените ризици и на крајот на календарската година да доставуваат Извештаи за нивото на реализација на утврдените мерки.

**Горан Минчев**
**Министер за јавна администрација**

Подготвил: Милена Стаменковиќ
Одобрил: Јана Макеска Станоеска


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk